Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа (,,Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08,167/10 и 51/11) и член 22 од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16 и 67/17), како и врз основа на член 7 алинеа 7 од Законот за стручно образование и обука („Службен весник на Република Македонија" бр. 71/06, 117/08, 148/09, 17/11, 24/13, 137/13, 41/14, 145/15 и 55/16), министерот за образование и наука ја донесе наставната програма по наставниот предмет **бизнис и претприемништво** за I година образование од струка економско – правна и трговска (сектор: економија, право и трговија), за образовниот профил продавач – референт за продажни услуги, (квалификација: продавач – референт за продажни услуги), за учениците во средното стручно образование со тригодишно траење.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

ЦЕНТАР ЗА СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА

Наставна програма

БИЗНИС И ПРЕТПРИЕМНИШТВО

модуларно дизајнирана

за I година

продавач – референт за продажни услуги

образовен профил / квалификација

Економско - правна и трговска/ Економија, право и трговија

струка / сектор

Скопје, јуни 2017

Назив на наставната програма	Бизнис и претприемништво
Тип на наставната програма	Стручно – теоретско образование
Кредитна вредност на наставната програма	
Струка	Економско – правна и трговска струка
Сектор	Економија, право и трговија
Назив и ниво на квалификацијата	Продавач – референт за продажни услуги III (трето) ниво
Година на изучување	I (прва)
Број на часови неделно/годишно за реализација на наставната програма	2 часа/ 72 часа
Цели на наставната програма	Ученикот/ученичката: • да стекне основни знаења за бизнисот; • да познава основни економски категории и принципи; • да идентификува видови бизниси; • да разликува форми на трговски друштва; • да објаснува понуда и побарувачка на пазарот; • да објаснува фактори на производство; • да разликува средства и извори на средствата; • да објаснува трошоци и формирање на цена; • да развива претприемнички вештини и способности;

	• да идентификува претприемнички карактеристики; • да поттикнува креативно размислување; • да развива позитивен однос кон поздрав начин на живеење; • транспарентно да ги претставува своите лични карактеристики во развој на кариерата; • да развива доживотно учење со цел за стручен развој и развој на работното портфолио
Модуларни единици на наставната програма	**1. Бизнис концепт** **2. Економија на бизнисот** **3. Претприемнички вештини** 4. **Професионален развој**
Материјално-технички услови и место на реализација	**Наставни средства и помагала:** • Табла, флип чарт, интерактивна табла, ЛЦД Проектор • Учебници, книги, стручна литература од соодветната област • Видео материјали со соодветна содржина • Веб страни • Дигитални ресурси • Печатени материјали • Игри за учење • Опрема, алатки, инвентар • Компјутери со соодветен софтвер и сл. **Место на реализација:** училница, кабинет, продавница

Норматив на наставен кадар	Наставата по предметот Бизнис и претприемништво ја реализираат кадри со завршени студии - по економија VII/1 степени на акредитираните универзитети во РМ или во странство со домашна акредитација, со соодветна педагошко-психолошка и методска подготовка стекната во акредитирани установи - од областа на економијата по Европски кредит трансфер систем (240 ЕКТС) на акредитираните универзитети во РМ или во странство со домашна акредитација, со соодветна педагошко-психолошка и методска подготовка стекната во акредитирани установи

	Назив на модуларна единица 1 **Бизнис концепт**			
Ред. број	**Резултати од учење**	**Содржини и поими**	**Активности и методи**	**Критериуми на оценување**
1	**Ученикот ќе биде способен да:** Разликува критериуми за поделба на бизнисот по големина	Поим за бизнис Видови бизниси Критериуми за поделба на бизниси Карактеристики на мал и голем бизнис Предности и недостатоци на мал бизнис	За реализација на наставата може да се применуваат различни **наставни форми** (фронтална, индивидуална, работа во групи, работа во парови) и **наставни методи** (монолог, дијалог, илустративен метод, демонстативен метод, аналитичко – синтетички и сл.) како и **користење на техники на учење**: бура на идеи; грозд; венов дијаграм; квиз; ЗСНУ и сл.	Листа на критериуми за оценување: • Објаснува поим бизнис и основни економски категории и принципи • Ја опишува улогата и значењето на бизнисот во општеството • Наведува видови на бизниси • Ги наведува критериумите за поделба на бизнисите по големина (мал и голем

			Активностите за реализација на наставата и учењето може да опфаќаат: дискусија за различните видови на бизнис во локалната заедница и нивната улога; вежби; истражување и презентирање на практични примери од реалниот бизнис; учење преку проект на тема предности и недостатоци на мал бизнис; презентирање; посети на лица од практиката; посета на претпријатие под водство; вреднување на постигнувањата на учениците и сл.	бизнис) • Опишува карактеристики на малиот и големиот бизнис **Инструменти за оценување:** прашања со алтернативни одговори, прашања со тврдење, затворени прашања, прашања за пополнување, прашања со повеќекратен избор, прашања со повеќекратни одговори, усни прашања, писмени тестови, практични вежби, проекти
2	Разликува форми на трговски друштва	Поим за економски субјект Форми на трговски друштва Карактеристики на форми на трговските друштва	За реализација на наставата може да се применуваат различни **наставни форми** (фронтална, индивидуална, работа во групи, работа во парови) и **наставни методи** (монолог, дијалог, илустративен метод, демонстативен метод, аналитичко – синтетички) како и **користење на техники на учење**: бура на идеи; грозд; венов дијаграм; квиз; ЗСНУ и сл. **Активностите за реализација на наставата и учењето може да опфаќаат:**	Листа на критериуми за оценување: • Ги објаснува поимите претпријатие, трговец и трговско друштво според Законот за трговски друштва на РМ • Наведува различни форми на трговски друштва според Законот за трговски друштва на РМ • Опишува карактеристики на различни форми на трговски друштва според Законот за трговски друштва на РМ

			дискусија за видови трговски друштва; учење со слушање за формите на трговски друштва; вежби со пишување на карактеристики на акционерски друштва; истражување и презентирање на практични примери од реалниот бизнис; учење преку проект на тема карактеристики на трговско друштво; решавање на проблемски ситуации; вреднување на постигнувањата на учениците и сл.	**Инструменти за оценување:** прашања со алтернативни одговори, прашања со тврдење, затворени прашања, прашања за пополнување, прашања со повеќекратен избор, прашања со повеќекратни одговори, усни прашања, писмени тестови, практични вежби, проекти
3	Применува техники за генерирање и селекција на бизнис идеа	Поим за бизнис идеа Селекција на бизнис идеи	За реализација на наставата може да се применуваат различни **наставни форми** (фронтална, индивидуална, работа во групи, работа во парови) и **наставни методи** (монолог, дијалог, илустративен метод, демонстативен метод, аналитичко – синтетички и сл.) и **користење н**а **техники на учење**: бура на идеи, венов дијаграм; грозд и сл. **Активностите за реализација на наставата и учењето може да опфаќаат:** дискусија за можностите за отворање и водење бизнис; истражување за актуелни	Листа на критериуми за оценување: • Го објаснува поимот бизнис идеа • Ги класифицира пристапите за изнаоѓање нови решенија • Ги претставува техниките за генерирање и селекција на бизнис идеа • Применува избрани техники за генерирање и селекција на бизнис идеа (индивидуално или во група) **Инструменти за оценување:** прашања со алтернативни одговори, прашања со тврдење, затворени

			бизнис идеи и успешност на бизнисите; вежби за креативно размислување и генерирање бизнис идеи; проект: селекција на бизнис идеа; презентирање; повторување; посети на лица од практиката од бизнисот; посета на мал бизнис под водство; вреднување на постигнувањата на учениците и сл.	прашања, прашања за пополнување, прашања со повеќекратен избор, прашања со повеќекратни одговори, усни прашања, писмени тестови, практични вежби, проекти
4	Идентификува влијание на факторите од окружувањето врз бизнисот	Поим за окружување Фактори кои влијаат на окружувањето на бизнисот Надворешно окружување на бизнисот Внатрешно окружување на бизнисот Значење на окружувањето за бизнисот	За реализација на наставата може да се применуваат различни **наставни форми** (фронтална, индивидуална, работа во групи, работа во парови) и **наставни методи** (монолог, дијалог, илустративен метод, демонстативен метод, аналитичко – синтетички), како и **користење на техники на учење**: бура на идеи; грозд; венов дијаграм; квиз; ЗСНУ и сл. **Активностите за реализација на наставата и учењето може да опфаќаат:** дискусија за влијание на окружувањето на бизнисот; вежба: анализа за фактори од внатрешното и надворешното окружување; истражување;	Листа на критериуми за оценување: • Дефинира поим за окружување • Анализира фактори од окружувањето кои влијаат на бизнисот • Споредува интерни со екстерни фактори на окружување • Оценува значење на окружувањето за бизнисот **Инструменти за оценување:** прашања со алтернативни одговори, прашања со тврдење, затворени прашања, прашања за пополнување, прашања со повеќекратен избор, прашања со повеќекратни одговори, усни прашања, писмени тестови, практични вежби, проекти

			проект: фактори од внатрешното и надворешното окружување користејќи SWOT; решавање на проблеми и презентирање на влијанието на интерното окружување врз бизнисот; посети на лица од практиката; вреднување на постигнувањата на учениците и сл.	
Назив на модуларна единица 2 **Економија на бизнисот**				
Ред. број	**Резултати од учење**	**Содржини и поими**	**Активности и методи**	**Критериуми на оценување**
1	Разликува начини за определување на понуда, побарувачка и рамнотежна цена	Поим за пазар Функции на пазарот Видови пазари Понуда и побарувачка	За реализација на наставата може да се применуваат различни **наставни форми** (фронтална, индивидуална, работа во групи, работа во парови) и **наставни методи** (монолог, дијалог, илустративен метод, демонстративен метод, аналитичко – синтетички) **и користење на техники на учење**: бура на идеи; грозд; венов дијаграм; квиз; ЗСНУ и сл. **Активностите за реализација на наставата и учењето може да опфаќаат:** дискусија за поимот пазар;	Листа на критериуми за оценување: • Ја објаснува суштината на пазарот • Класифицира видови пазари • Опишува функции на пазарот • Објаснува понуда и побарувачка • Определува рамнотежна цена **Инструменти за оценување:** прашања со алтернативни одговори, прашања со тврдење, затворени прашања, прашања за пополнување, прашања со повеќекратен избор,

			предавање за функциите на пазарот; вежби за понуда и побарувачка; истражување за влијанието на цените врз понудата на одредени производи; презентирање на добиените резултати од истражувањето; посети на лица од практиката; вреднување на постигањата на учениците и сл.	прашања со повеќекратни одговори, усни прашања, писмени тестови, практични вежби, проекти
2	Идентификува фактори на производство	Фактори на производство Труд Капитал Земја Претприемништво	За реализација на наставата може да се применуваат различни **наставни форми** (фронтална, индивидуална, работа во групи, работа во парови) и **наставни методи** (монолог, дијалог, илустративен метод, демонстативен метод, аналитичко – синтетички) **и користење на техники на учење**: бура на идеи; грозд; венов дијаграм; квиз; ЗСНУ и сл. **Активностите за реализација на наставата и учењето може да опфаќаат:** дискусија за факторите на производство; вежба за примена на факторите на производство; проект на тема влијание на факторите врз производството;	Листа на критериуми за оценување: • Го опишува трудот како фактор на производство • Објаснува капитал како фактор на производство • Ја опишува земјата како фактор на производство • Идентификува претприемништво како фактор на производство **Инструменти за оценување:** прашања со алтернативни одговори, прашања со тврдење, затворени прашања, прашања за пополнување, прашања со повеќекратен избор, прашања со повеќекратни одговори, усни прашања, писмени тестови,

			презентирање на проектот; посети на лица од практиката; вреднување на постигнувањата на учениците и сл.	практични вежби, проекти
3	Разликува средства и извори на средствата	Поим за средства Видови средства Финансирање на бизнисот Видови извори на средствата	За реализација на наставата може да се применуваат различни **наставни форми** (фронтална, индивидуална, работа во групи, работа во парови) и **наставни методи** (монолог, дијалог, илустративен метод, демонстативен метод, аналитичко – синтетички); **користење на техники на учење**: бура на идеи; грозд; венов дијаграм; квиз; ЗСНУ и сл. **Активностите за реализација на наставата и учењето може да опфаќаат:** дискусија за потребата од средства за работење на бизнисот; учење со слушање за видови на средства на бизнисот; предавање за финансирање на бизнисот; вежби за извори на финансирање; истражување на извори на финансирање; проект на тема од областа; презентирање; посети на лица од практиката; посета на	Листа на критериуми за оценување: • Објаснува поим и значење на средствата • Ги опишува видовите на средства • Ја објаснува суштината на финансирање на бизнисот • Ги опишува видовите извори на средствата **Инструменти за оценување:** прашања со алтернативни одговори, прашања со тврдење, затворени прашања, прашања за пополнување, прашања со повеќекратен избор, прашања со повеќекратни одговори, усни прашања, писмени тестови, практични вежби, проекти

			финансиска институција; вреднување на постигнувањата на учениците и сл.	
4	Разликува видови трошоци	Поим за трошоци Видови трошоци Фиксни трошоци Варијабилни трошоци Директни трошоци Индиректни трошоци	За реализација на наставата може да се применуваат различни **наставни форми** (фронтална, индивидуална, работа во групи, работа во парови) и **наставни методи** (монолог, дијалог, илустративен метод, демонстративен метод, аналитичко – синтетички) **и користење на техники на учење**: бура на идеи; грозд; венов дијаграм; квиз; ЗСНУ и сл. **Активностите за реализација на наставата и учењето може да опфаќаат:** дискусија за значење на трошоците за бизнисот; учење со слушање за поделба на трошоците; самостојно учење; вежби за идентификување на трошоци; проект на тема трошоци и влијанието на висината на трошоците врз бизнисот; истражување; презентирање; вреднување на постигнувањата на учениците	Листа на критериуми за оценување: • Објаснува поим и значење на трошоците • Категоризира видови трошоци **Инструменти за оценување:** прашања со алтернативни одговори, прашања со тврдење, затворени прашања, прашања за пополнување, прашања со повеќекратен избор, прашања со повеќекратни одговори, усни прашања, писмени тестови, практични вежби, проекти

5	Разликува начини на формирање цена	Поим за цена Методи за формирање на цена Трошковен метод Пазарен метод	За реализација на наставата може да се применуваат различни **наставни форми** (фронтална, индивидуална, работа во групи, работа во парови) и **наставни методи** (монолог, дијалог, илустративен метод, демонстативен метод, аналитичко – синтетички); **користење на техники на учење**: бура на идеи; грозд; венов дијаграм; ЗСНУ и сл. **Активностите за реализација на наставата и учењето може да опфаќаат:** дискусија за значење на цената на производот; предавање за методите за формирање на цената; вежби со примена на трошковен метод; истражување на цени на пазарот и влијанието од зголемување на цените на одредени производи; презентирање; вреднување на постигнувањата на учениците и сл.	Листа на критериуми за оценување: • Објаснува цена и влијанието на цените • Опишува методи за формирање на цени **Инструменти за оценување:** прашања со алтернативни одговори, прашања со тврдење, затворени прашања, прашања за пополнување, прашања со повеќекратен избор, прашања со повеќекратни одговори, усни прашања, писмени тестови, практични вежби, проекти

Назив на модуларна единица 3 Претприемнички вештини				
Ред. број	**Резултати од учење**	**Содржини и поими**	**Активности и методи**	**Критериуми на оценување**
1	Објаснува суштина и процес на претприемништво	Поим за претприемништво Суштина на претприемништвото Процес на претприемништво	За реализација на наставата може да се применуваат различни **наставни форми** (фронтална, индивидуална, работа во групи, работа во парови) и **наставни методи** (монолог, дијалог, илустративен метод, демонстративен метод, аналитичко – синтетички) **и користење на техники на учење**: бура на идеи; играње улоги; грозд; венов дијаграм; интервју; ЗСНУ и сл. **Активностите за реализација на наставата и учењето може да опфаќаат:** дискусија за поимот претприемништво; предавање за суштината на претприемништвото; вежби: анализа на дијаграм на претприемачки процес; истражување на видови иновации; проект на тема иновации во бизнисот; посети на лица од практиката; вреднување на	Листа на критериуми за оценување: • Толкува улога и значење на претприемништвото • Опишува процес на претприемништво **Инструменти за оценување:** прашања со алтернативни одговори, прашања со тврдење, затворени прашања, прашања за пополнување, прашања со повеќекратен избор, прашања со повеќекратни одговори, усни прашања, писмени тестови, практични вежби, проекти

			постигнувањата на учениците и сл.	
2	Идентификува карактеристики на претприемачот	Потреба за претприемничко однесување Карактеристики на претприемачот	За реализација на наставата може да се применуваат различни **наставни форми** (фронтална, индивидуална, работа во групи, работа во парови) и **наставни методи** (монолог, дијалог, илустративен метод, демонстративен метод, аналитичко – синтетички); **користење на техники на учење**: бура на идеи; грозд; венов дијаграм; интервју; ЗСНУ и сл. **Активностите за реализација на наставата и учењето може да опфаќаат:** дискусија; учење со слушање; самостојно учење; предавање; вежби: анализа на текст или видео материјал кој се однесува на локален или национален профил на претприемач и идентификување на претприемачките вештини и претприемачкото однесување на личноста; истражување; учење преку проект на тема претприемничко однесување; презентирање; посети на лица од практиката; вреднување на	Листа на критериуми за оценување: • Идентификува потреби за претприемничко однесување • Опишува карактеристики на претприемач **Инструменти за оценување:** прашања со алтернативни одговори, прашања со тврдење, затворени прашања, прашања за пополнување, прашања со повеќекратен избор, прашања со повеќекратни одговори, усни прашања, писмени тестови, практични вежби, проекти

			постигнувањата на учениците и сл.	
Назив на модуларна единица 4 **Професионален развој**				
Ред. број	**Резултати од учење**	**Содржини и поими**	**Активности и методи**	**Критериуми на оценување**
1	Планира и истражува развој на кариера	Истражува кариерни можности Постојана обука на човечки ресурси	За реализација на наставата може да се применуваат различни **наставни форми** (фронтална, индивидуална, работа во групи, работа во парови) и **наставни методи** (монолог, дијалог, илустративен метод, демонстативен метод, аналитичко – синтетички) и **користење на техники на учење**: бура на идеи; играње улоги; грозд; венов дијаграм; интервју; ЗСНУ и сл. **Активностите за реализација на наставата и учењето може да опфаќаат:** дискусија за развој на кариерата; учење со слушање; самостојно учење; предавање; вежби; истражување преку електронски медиуми за обуки за развој на кариерата; учење преку проект; презентирање; посети на лица од практиката;	Листа на критериуми за оценување: • Толкува важност на унапредувањето на својата кариера • Идентификува потреба од истражување на кариерни можности и развој • Ја објаснува потребата од обука на човечките ресурси **Инструменти за оценување:** прашања со алтернативни одговори, прашања со тврдење, затворени прашања, прашања за пополнување, прашања со повеќекратен избор, прашања со повеќекратни одговори, усни прашања, писмени тестови, практични вежби, проекти

			вреднување на постигнувањата на учениците;	
2	Истражува можности за вработување на одредено работно место	Конкурирање за работно место Документи за конкурирање на слободно работно место Постапка за конкурирање за слободно работно место	За реализација на наставата може да се применуваат различни **наставни форми** (фронтална, индивидуална, работа во групи, работа во парови) и **наставни методи** (монолог, дијалог, илустративен метод, демонстативен метод, аналитичко – синтетички); **користење на техники на учење**: бура на идеи; играње улоги; грозд; венов дијаграм; интервју; ЗСНУ и сл. **Активностите за реализација на наставата и учењето може да опфаќаат:** дискусија за барања за одредени занимања на пазарот на трудот; вежби во врска со документи за конкурирање за вработување; истражување на можности за конкурирање на работно место; проект; презентирање; посети на лица од практиката; вреднување на постигнувањата на учениците	Листа на критериуми за оценување: • Идентификува огласи за слободни работни места • Објаснува постапка за конкурирање за слободно работно место при барање вработување **Инструменти за оценување:** прашања со алтернативни одговори, прашања со тврдење, затворени прашања, прашања за пополнување, прашања со повеќекратен избор, прашања со повеќекратни одговори, усни прашања, писмени тестови, практични вежби, проекти

Оценување на постигањата на учениците	Оценувањето на постигнувањата на учениците, се врши преку континуирано следење во текот на учебната година, усно и писмено - преку тестови на знаења, писмени извештаи за реализирани активности на учениците, вежби, проекти, портфолио, креативноста, постигнувањата и резултатите од тимската работа, индивидуалните домашни задачи, покажаниот интерес и активното учество на учениците, согласно очекуваните резултати од учењето и критериумите за оценување.
Литература и други извори	Учебник, наставни помошни материјали, стручни списанија, публикации, дигитални ресурси и сл.
Почеток на имплементација на наставната програма	2017 година
Институција/ носител на програмата	Центар за стручно образование и обука
Изработил	Проект „Јакнење на доживотното учење преку модернизација на системите за стручно образование и обука и образованието на возрасните“, Британски совет и партнерите од конзорциумот, ДВВ Интернационал (Германија) и Центарот за доживотно учење (Македонија)
Потпис и датум на донесување на наставната програма	**бр. 12-11056/1 од 11.09.2017 година** **МИНИСТЕР** **Рената Дескоска**
Датум на ревизија	